- Инстититутот за педагогија располага со две предавални и со една библиотека.
- Наставниците од Институтот за психологија ја изведуваат наставата во Електронската училница, Психолошката лабораторија и во Библиотеката за психологија.
- Институот за родови студии располага со две предавални и со една библиотека.
- Наставниците од Институтот за семејни студии немаат своја просторија, ја користат само нивната библиотеката; за овој институт немањето на просторија претставува сериозен предизвик со кој се соочуваат во текот на работата.
- Институтот за социјална работа и социјална политика располага во моментов со три простории за предавање (предавалните број 1, број 2 и број 3).
- Наставниците од Институтот за социологија наставата ја спроведуваат во две предавални и во нивната библиотека.
- Институтот за Специјална едукација и рехабилитација ја користи слушална број 11, која обезбедува помал број места од бројот на студенти. За некои предмети, се користат слушални на Институтот за безбедност, одбрана и мир.

Од изнесените податоци и од информациите за бројот на студентите може да се заклучи дека со просторни проблеми во поглед на предавалните се соочуваат првенствено институтите што имаат поголем број студенти (Институтот за психологија, Институтот за специјална едукација и рехабилитација и Институтот за семејни студии). Институтот за историја на уметноста и археологија, пак, посочува на проблеми во поглед на техничката опременост на просториите и на недоволноста на кабинетите за професорите.

## 7.2. Техничка опременост

Во поглед на техничката опременост по институти, состојбава, според извештаите од поткомисиите, е следна:

- Институтот за безбедност располага со: компјутери, LCD проектори и графоскопи, електронска табла.
- Институтот за филозофија располага со 7 компјутери со печатари, 1 лаптоп, 1 LCD проектор и 1 електронска табла, 1 ТВ со видео-рекордер, 1 музички систем.
- Институтот за уметност со археологија поседува еден лап топ компјутер и еден LCD проектор.
- Институтот за историја располага со 6 компјутери, 3 LCD проектори, 1 електронска табла.
- Институтот за класични студии располага го 6 компјутери и 6 печатари, еден LCD проектор и електронска табла. Компјутерите се опишани како застарени, а два од печатарите се во лоша состојба.
- Институтот за педагогија располага со 3 LCD проектори, 1 електронска табла,10 компјутери, 2 лаптопа.
- Институтот за психологија располага со: 1 институтски преносен комјутер, 40 преносни компјутери од донацијата на господинот Теохаров (од кои 38 за студенти, а 2 за професори), 2 LCD проектори, 1 електронска табла и 2 eye trackery (од донацијата на г-ин Теохаров).
- Институтот за родови студии располага со 3 компјутери, 1. LCD проектори, 1 електронска табла, 2 за пишување.
- Институтот за семејни студии располага со 9 компјутери, 3 принтери, 1 лаптоп, 1 проектор, 1 телевизор и 1 бело платно.
- Институтот за социјална работа и социјална политика во однос на техничката опрема располага со вкупно 9 компјутери и 1 LCD проектор.
- Институтот за социологија располага со 9 компјутери, 2 LCD проектора, 1 електронска табла.
- Институтот за специјална едукација и рехабилитација на располагање има 3 проектори, 2 персонални компјутери, 2 лаптоп компјутери, 2 печатари во боја, 3D печатар, Брајов печатар и една електронска табла.

Што се однесува до интернет-приклучоците за студентите, тие се опишани како сосема функционални на два института – Педагогија и Семејни студии. На четири институти (Историја, Класични студии, Безбедност, одбрана и мир и Родови студии) тие се само делумно функционални, додека на други четири институти (Филозофија, Историја на уметноста и археологија, Социологија и Социјална работа и социјална политика) тие воопшто не се функционални.

На два института констатирана е промена на состојбата во поглед на функционалноста на интернет-приклучоците за студентите во пеиодот кој се евалуира. Така, на Институтот за психологија, од учебната 2016/17 до 2018/19 година интернет-приклучоците за студентите биле нефункционални, но од учебната 2019/20 до учебната 2020/21 година. тие се сосема функционални. На Институтот за специјална едукација и рехабилитација од учебната 2016/17 до 2018/19 година тие биле делумно функционални, а од учебната 2019/20 до 2020/21 година се сосема функционални.

Од наведените податоци може да се заклучи дека Филозофскиот факултет има релативно добри техничко-информатички услови за работа во стандардни услови. Сепак, како што покажа анкетирањето на наставниците, во новите услови и преминот на голем дел од наставата онлајн, постојната опрема не ги задоволува потребите и мора да се обезбеди нова и современа опрема за сите наставници, со цел успешно одвивање на овој тип настава. Исто така, потребно е да се зголеми функционалноста на интернет-приклучоците за студентите таму каде што тие се целосно или делумно нефункционални.

**7.3. Логистика**

Логистичката поддршка на многубројните аспекти од функционирањето на Факултетот се обезбедува преку неговата стручно-административна служба, која е организирана во повеќе одделенија (видете оддел 1.2.1.1 и Прилог 1), како и помошно-техничкиот персонал.

Од аспект на студентите, особено е значајна дејноста на Одделението за студентски прашања, како и дејноста на библиотекарите, кои, во најголем број случаи, ја вршат и функцијата на координатори за ЕКТС. Како еден од логистичките елементи од особена важност за успешното одвивање на наставно-научната дејност, како од аспект на наставниците, така и од аспект на студентите, е работата на институтските библиотеки, преку кои се одвива и анкетирањето и набавката на новата литература.

Во сегментот посветен на логистиката, дел од прашањата во рамки на процесот на самоевалуацијата се однесуваа на редовноста на анкетирањето на наставниците и на студентите за набавка на литература, како и за нивната информираност за пристигнатата литература во библиотеките на институтите.

Според извештаите од поткомисиите, анкетирањето на наставниците за набавка на литература се одвива најмалку еднаш годишно на најголем дел (осум) од институтите на Филозофскиот факултет: Филозофија, Педагогија, Историја, Психологија, Социологија, Безбедност, Социјална работа и социјална политика и Семејни студии. На три институти – Историја на уметност и археологија, Класични студии и Специјална едукација и рехабилитација – овој вид анкетирање се одвива ретко, додека на Институтот за родови студии наставниците воопшто не се анкетирани за набавка на нова литература.

Во поглед на прашањето за анкетирање на студентите за набавка на литература, според извештаите од поткомисиите, на четири институти тие се анкетирани најмалку еднаш годишно (Филозофија, Педагогија, Историја и Социологија); на Институтот за социјална работа и социјална политика тие се анкетирани најмалку на две-три години, додека на останатите институти воопшто не се анкетирани.

Што се однесува до информираноста на наставниците за пристигнувањето на новата литература (книги, списанија, итн.) во библиотеките на институтите, тие се информираат најмалку еднаш годишно речиси на сите институти на Факултетот, со исклучок на институтите за Историја на уметноста и Родови студии, каде фреквенцијата на информираноста за овој аспект е оценета како „ретка“.

Нешто помал степен на информираност за новите книги и списанија пристигнати во библиотеките се забележува кај студентите (во споредба со информираноста ан професорите). Така, тие се информираат најмалку еднаш годишно на седум од инситутите на Факултетот (Филозофија, Педагогија, Историја, Психологија, Социологија, Специјална едукација и рехабилитација, Семејни студии). На Институтот за социјална работа и социјална политика тие се информираат најмалку на две-три години, додека на институтите за Безбедност, одбрана и мир, Историја на уметност и археологија, Родови студии и Класични студии целосно отсуствува систематското информирање за пристигнатата литература во библиотеката на нивниот институт.

### 7.4. Резиме и препораки

Од податоците во поглед на просторната, материјално-техничката и логистичката опременост на Факултетот може да се заклучи дека иако, во глобална смисла, Факултетот има солидни материјално-технички услови и логистички ресурси, на некои елементи од овој сегмент е неопходно натамошно унапредување. Во оваа смисла, од извештаите на поткомисите произлегуваат следниве заклучоци:

- потребно е да се изнајде решените за проблемите со предавалните на институтите што имаат голем број студенти и се соочуваат со проблеми во одржување на наставата поради недостиг на простор;
- дотраената опрема во кабинетите и училниците треба постепено да се заменува со нова и да се направат напори да се зголеми бројот на кабинетските простории за професорите;
- потребно е на сите наставници да им се обезбеди нова и современа техничка опрема за успешно одвивање на наставата од далечина;
- треба да се обезбеди функционалност на интернет-приклучоците за студентите;
- потребно е да се зголеми анкетирањето и информирањето на наставниците и на студентите за потребата од набавка на литература и за пристигнатите книги и списанија во библиотеките, особено на институтите каде овој процес се одвива нередовно или ретко.

## 8. НАДВОРЕШНА СОРАБОТКА

Во периодот на кој се однесува самоевалуацијата, Факултетот има остварено интензивна и разновидна соработка со голем број институции надвор од Универзитетот, во полињата на студентската практика, наставата, истражувачките и другите видови активности. Според извештаите од поткомисиите, вкупниот број активности на соработка со институции надвор од универзитетот во периодот од 2016/17 до 2020/21 година изнесува 544, од кои најголем дел отпаѓа на студенската практика (295), по што следуваат активности на соработка поврзани со наставата (137), истражувањата (85) и други активности (27).

Доминантноста на активностите поврзани со студентската практика се потврдува и низ дескриптивните и евалуативните коментари на ова прашање, во кои се посочува високиот квалитет, конструктивноста и професионалноста на соработката со училиштата и другите воспитно-образовни установи, како и со другите институции (Државниот архив, локалните општини, итн.) во кои се реализира студентската практика. Коректноста и професионалноста на соработката се констатира и во поглед на институциите во кои се остваруваат и другите видови активности од овој сегмент – наставата (особено вежбите, на институтите на кои има потреба за тоа), истражувањата и другите видови соработка.

Во следната табела се прикажани сумираните податоци околу видовите соработка со институциите надвор од Универзитетот реализирани преку институтите на Факултетот:

Табела 29. Реализирана надворешна соработка во периодот 2016/17 – 2020/21

| | 2016/17 | 2017/18 | 2018/19 | 2019/20 | 2020/21 | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Студентска практика | 65 | 62 | 62 | 60 | 46 | 295 |
| Настава | 27 | 34 | 36 | 28 | 12 | 137 |
| Истражување | 25 | 27 | 22 | 7 | 4 | 85 |
| Друго | 2 | 6 | 13 | 5 | 1 | 27 |
| Вкупно | 119 | 129 | 133 | 100 | 63 | 544 |

Сепак, наспроти интензивната соработка со институциите надвор од Универзитетот на најголемиот број институти на Факултетот, таа, според извештаите од поткомисиите, не зазема значајно место во дејноста на институтите за Социологија, Родови студии и Историја на уметноста и археологија. Во коментарот на институтот за Историја на уметноста и археологија, се укажува дека на овој институт отсуствува систематска институционална соработка од овој вид, односно дека таа главно се реализира како индивидуална соработка или како ретко поединечно гостување со предавање.

Во таа смисла, препорачливо е да се стимулира интензивирањето на овој вид соработка на институтите, односно на студиските програми каде таа е посочена како недоволно застапена.

# 9. МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

Меѓународната соработка претставува исклучително значаен сегмент на дејноста на Филозофскиот факултет, преку кој се овозможува негово вклучување во светските научноистражувачки трендови, воведување на новите сознанија и современите наставни и научноистражувачки методи во работата на Факултетот, но и афирмација на резултатите од работата на неговите наставници, соработници и студенти на меѓународен план и проширување на мрежата на професионални контакти и соработници.

## 9.1. Мобилност на наставници и на студенти

Еден од најзначајните облици на меѓународната соработка е меѓународната мобилност на наставниците и соработниците на Филозофскиот факултет, која се одвива преку меѓународни програми за мобилност и поддршка на меѓународната размена на наставници и студенти (ЕРАЗМУС+, ЦЕЕПУС, DAAD, итн.), преку билатерални универзитетски договори, како и преку финансиска поддршка од Филозофскиот факултет. Мобилноста вклучува студиски престој на странски универзитети, учество во меѓународни научни настани (конференции, летни школи, конгреси и сл.), како и престои поврзани со научно-истражувачка работа.

*ЕРАЗМУС+*

Мобилноста на наставниците и студентите преку програмата Еразмус+ е од исклучително значење за интернационализација на наставата и научните дејности на Факултетот. Во моментот на пишувањето на овој извештај, Филозофскиот факултет има вкупно 101 активен Еразмус договор со 75 универзитети од 21 земја, прикажани во Табела 26.

Табела 30. Активни ЕРАЗМУС договори на Филозофскиот факултет

| | Земја | Активни Еразмус договори | Универзитети |
|---|---|---|---|
| 1 | Австрија | 1 | 1 |
| 2 | Белгија | 1 | 1 |
| 3 | Бугарија | 5 | 3 |
| 4 | Хрватска | 7 | 4 |
| 5 | Чешка | 4 | 4 |
| 6 | Естонија | 3 | 1 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 7 | Франција | 5 | 2 |
| 8 | Германија | 9 | 9 |
| 9 | Грција | 3 | 2 |
| 10 | Унгарија | 2 | 1 |
| 11 | Италија | 8 | 7 |
| 12 | Норвешка | 1 | 1 |
| 13 | Полска | 16 | 12 |
| 14 | Португалија | 5 | 4 |
| 15 | Романија | 3 | 3 |
| 16 | Србија | 1 | 1 |
| 17 | Словачка | 1 | 1 |
| 18 | Словенија | 8 | 3 |
| 19 | Шпанија | 6 | 5 |
| 20 | Холандија | 2 | 2 |
| 21 | Турција | 10 | 8 |
| | Вкупно | 101 | 75 |

Појдовните и дојдовните мобилности на наставниците и студентите преку програмата Еразмус+ секоја година се зголемуваат, иако вонредната состојба во светски рамки предизвикана од пандемијата, од март 2020 година до моментот на пишување на овој извештај го оневозможи продолжувањето на овој тренд во последната година. За одбележување е порастот на Еразмус+ дојдовни мобилности на Филозофскиот факултет, како од страна на професори од странство, така и од студенти кои студираат во странство, а кои се одлучуваат еден семестар од своето студирање да го поминат на Филозофскиот факултет.

*ЦЕЕПУС*

Мобилноста и соработката на наставниците и студентите на сите три циклуси на студирање е овозможена и преку учеството во мултилатералната програма за универзитетска размена во Централна Европа – ЦЕЕПУС (CEEPUS – Central European Exchange Program for University Studies).

Во рамки на ЦЕЕПУС програмата, Филозофскиот факултет членува во шест мрежи, и тоа:

- *Археопед* (CIII-SI-0113-13-1920 ARHEOPED) при Институтот за историја на уметност и археологија
- *Заедничка историја на Централна Европа* (CIII-SK-1315-03-2021 Shared History of Central Europe) при Институтот за историја
- *Педагогија и андрагогија во Централна Европа* (CIII-SI-0906-05-1920 Pedagogy and Andragogy in Central Europe – PACE) при Институтот за педагогија
- *Филозофија и интердисциплинарност* (CIII-HR-1107-04-1920 Philosophy and Interdisciplinarity) при Институтот за филозофија
- *Биоетика* (CIII-AT-0502-11-2021 Bioethics) при Институтот за филозофија и
- *Централно европска мрежа за социјална работа и социјална политика* (CIII-MK-1409-01-1920 Central European Social Policy and Social Work Network – CESPASWON) при Институтот за социјална работа и социјална политика. За одбележување е дека Филозофскиот факултет е координатор на ЦЕСПАСВОН мрежата, односно единствена високо образовна институција од државата која има улога на координатор во рамки на ЦЕЕПУС академската програма.

Во продолжение на Извештајот се прикажани збирните податоци за мобилноста на наставниците и на студентите, остварена по сите основи – ЕРАЗМУС и ЦЕЕПУС мобилностите, учествата на меѓународни настани, учества во меѓународни проектни активности, предавања по покана (за наставниците) итн.

Табела 31. Мобилност на наставници (по сите основи) во периодот 2016/17-2019/20

| | Дојдовна мобилност наставници | Појдовна мобилност наставници | Вкупно |
|---|---|---|---|
| 2016/17 | 8 | 8 | 16 |
| 2017/18 | 43 | 12 | 55 |
| 2018/19 | 146 | 150 | 296 |
| 2019/20 | 187 | 107 | 294 |
| Вкупно | 384 | 277 | 661 |

Како што може да се види од табелата, во периодот од учебната 2016/17 до учебната 2020/21 година, остварени се вкупно 661 мобилност на наставници, од кои 384 (58,09%) дојдовна и 277 (41,91%) појдовна мобилност, како што е нагледно прикажано на графиконот 25.




Графикон 25. Соодносна појдовни и дојдовни мобилности на наставниците

Како што може да се забележи од податоците, вкупната мобилност на наставниците бележи импресивен позитивен скок меѓу 2017/18 и 2018/19 година, со генерален континуитет меѓу 2018/19 и 2019/20 година, и покрај неповолните околности на пандемијата Ковид 19, на која најверојатно може да се припише дел од падот на појдовните мобилности во учебната 2019/20 година. Тој тренд е нагледно прикажан на следниот графикон:




Графикон 26. Тренд на дојдовна и појдовна мобилност на наставници

Што се однесува до мобилноста на студентите, во периодот меѓу 2016/17 и 2019/20 година се остварени вкупно 317 мобилности на студенти, од кои 149 (38,70%) се дојдовни, а 236 (61,30%) – појдовни мобилности.

Табела 32. Мобилност на студенти (по сите основи) во периодот 2016/17-2019/20

| | Дојдовна мобилност студенти | Појдовна мобилност студенти | Вкупно |
|---|---|---|---|
| 2016/17 | 43 | 60 | 103 |
| 2017/18 | 28 | 97 | 125 |
| 2018/19 | 69 | 70 | 139 |
| 2019/20 | 9 | 9 | 18 |
| Вкупно | 149 | 236 | 385 |

Соодносот на дојдовните и појдовните мобилности на студентите е нагледно прикажан на графиконот 27, а тенденциите низ годините за периодот од 2016/17 до 2019/20 година – на графиконот 28.




Графикон 27. Сооднос на појдовна и дојдовна мобилност на студентите




Графикон 28. Тренд на дојдовна и појдовна мобилност на студенти

Како што може да се види од графиконот, најголем број дојдовни мобилности на студенти е остварен во 2018/19 година, а на појдовни мобилности – во 2017/18 година. Притоа, податоците за 2019/20 година не можат да се земат како показател на објективен тренд, поради фактот што избивањето на пандемијата во летниот семестар од оваа учебна година го наруши нормалниот обем и ритам на сите видови академски активности, вклучително и на студентската мобилност.

### 9.2. Меѓународна недела

Почнувајќи од учебната 2018/19 година, Филозофскиот факултетот започна со организирање на Меѓународна недела на Филозофскиот факултет, која претставува петдневен меѓународен интердисициплинарен форум, на кој преку предавања, промоции и дискусии се одбележуваат активностите и соработките кои Филозофскиот факултет ги остварува на меѓународен план. Идејата за меѓународната недела потекнува од потребата да им се овозможи на студентите поширока платформа за стекнување знаења и размена на мислења со професори и колеги од партнерски универзитети од Европа и светот. Предавањата, промоциите и дискусиите со еминентни професори и предавачи, кои се на англиски јазик, имаат за цел да ги мотивираат студентите за пресретнување на големите општествени прашања преку соработка низ различни научни дисциплини. Предавањата и дискусиите се наменети за студентите од сите три циклуси на студии, а предавачите говорат на теми од научните дисциплини кои се изучуваат на Филозофскиот факултет.

Посебен фокус во рамки на овој настан е промоцијата на меѓународните проекти кои Филозофскиот факултет ги спроведува, а во чија промоција учествуваат и партнерските универзитети од Европа. На оваа научна манифестација досега учество зеле вкупно 54 учесници од 24 земји, што укажува на нејзиното големо значење за меѓународната афирмација на Факултетот. Втората меѓународна недела резултираше и со објавување книга на апстракти, со што се остави и потраен белег од клучните аспекти на излагањата на сите предавачи на настанот. Податоците за вкупниот број учесници на меѓународната недела и за земјите од кои доаѓаат се прикажани во табелата 33.

Табела 33. Вкупен број учесници на меѓународната недела (2018/19 – 2020/21)

| Реден број | Држава | Број на учесници |
|---|---|---|
| 1 | Австрија | 1 |
| 2 | Белгија | 1 |
| 3 | Бугарија | 2 |
| 4 | Германија | 2 |
| 5 | Грција | 1 |
| 6 | Данска | 1 |
| 7 | Израел | 3 |
| 8 | Италија | 4 |
| 9 | Канада | 2 |
| 10 | Литванија | 2 |
| 11 | Норвешка | 1 |
| 12 | Обединето Кралство | 4 |
| 13 | Полска | 9 |

| | | |
|---|---|---|
| 14 | Португалија | 2 |
| 15 | Сад | 1 |
| 16 | Словачка | 1 |
| 17 | Словенија | 1 |
| 18 | Србија | 4 |
| 19 | Турција | 1 |
| 20 | Унгарија | 1 |
| 21 | Франција | 3 |
| 22 | Холандија | 2 |
| 23 | Хрватска | 4 |
| 24 | Шведска | 1 |
| Вкупно | | 54 |

**9.3. Меѓународен билтен**

Со цел да се промовираат меѓународните активности и соработки, Филозофскиот факултет објавува меѓународен билтен во електронска форма. Во 2019/20 година објавени се осум броја, кои покрај достапноста на факултетската веб-страница и факултетските социјални медиуми, се доставуваат до сите ЕРАЗМУС и ЦЕЕПУС партнери и студенти, како и други партнери на факултетот од странство. Билтенот дава кус пресек на планираните и спроведените активности на факултетот од меѓународен карактер, кои се реализираат во текот на двата наставни семестра.

**9.4. Меѓународни проекти**

Научно-истражувачките проекти се клучен дел од активностите на Филозофскиот факултет, кои во голема мера имаат меѓународен карактер. Факултетот е вклучен како реализатор на проекти во рамки на програмите Хоризонти, Еразмус+, како и голем број на проекти од билатерален карактер, во партнерство со меѓународните организации, како: Обединетите нации, Програмата за развој на Обединтетите нации (УНДП), УНИЦЕФ, и сл. Во продолжение се прикажани тековните меѓународни проекти на Филозофскиот факултет.

Табела 34. Тековни меѓународни проекти  на Филозофскиот факултет (2020/21)

| Назив на проектот | Финансиер | Носител | Статус на Филозофскиот факултет | Година на реализирање |
|---|---|---|---|---|
| "Развој на нов софтвер за психомоторна ре-едеукација на деца со аутизам" (2020-1-TR01-KA205-081611) | Европска комисија | Чанаккале Универзитет, Турција | Партнер | 2020 – 2022 |
| „Пристапно и дигитализирано културно | Европска комисија, Национална | | Координатор | 01.11.2019 – 31.08.2022 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| наследство“ (2019-1-MK01-KA203-060269) | агенција за европски образовни програми и мобилност | | | |
| „Поттикнување на пристапни технологии за студирање (FAST): пристапен систем за управување со учењето во хуманистичките и општествени науки“ (2018-1-MK01-KA203-047104) | Европска комисија, Национална агенција за европски образовни програми и мобилност | | Координатор | 01.12.2018 – 28.12.2021 |
| „Религиска толеранција и мир“, H2020-EU.3.6.3.2. Grant agreement ID: 770309 | Европска комисија, програма *Хоризонт* | Универзитет од Лувен, Белгија | Партнер | 01.05.2018 – 01.05.2022 |
| „Од попреченост до производство на храна” | We Effect, Шведска | Национална федерација на фармери | Партнер | 09.2019 – 06.2021 |
| „Студија за поддршка на планирањето на комуникациите и вклученоста на заедниците поврзани со Агендата за одржлив развој во Република Македонија” | | Програма за развој на Обединетите нации (УНДП) | Партнер | 06.2020 –10. 2020 |
| Вишеградски универзитетски студентски грант бр. 61300005 - | Вишеградски фонд | Филозофски факултет | | 2014 – 2020 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Теорија на меѓународни односи и разрешување на конфликти | | | | |

Исто така, во периодот на кој се однесува самоевалуацијата, Факултетот беше иницијатор на формирање мрежа на сите филозофски факултети во регионот, од која произлегоа многубројни како летни школи, размена на наставници и др. Филозофскиот факултет оствари и студиски посети на повеќе универзитети во странство – Универзитетот „Бар-Илан“ во Израел, Универзитетот „Хумболт“ во Берлин, Универзитетот „Сапиенца“ во Рим, и други универзитети од кои произлегоа голем број заеднички активности. Вмрежувањето и интензивната мобилност овозможија реализација на многубројни меѓународни проекти, преку кои се имплементираат новитетите и промените во високото образование во светот.

### 9.5. Резиме и споредба со претходната самоевалуација

Од прикажаните податоци може да се заклучи дека меѓународната соработка на Филозофскиот факултет во периодот на кој се однесува самоевалуација, а особено од 2018 година наваму бележи значаен пораст, како во смисла на зголемување на мобилноста на студентите и наставниците преку програмите Еразмус + и ЦЕЕПУС, така и со воведување на нови форми на меѓународна соработка, како што е Меѓународната недела, студиски посети на странски универзитети и друг вид активности, кои отворија нови можности за реализација на многубројни меѓународни проекти. Кон интензивирањето на меѓународната соработка, придонесува и финансиска поддршка на Факултетот на организацијата на меѓународни научни собири во земјата, на учествата на наставниците на научни собири во стрнаство, како и на формите на меѓународна соработка на студентите. Иако мобилноста на студентите бележи осцилации во периодот на кој се однесува самоевалуацијата, во општа смисла таа е на далеку повисоко ниво во споредба со претходната самоевалуација. Имајќи го предвид големото значење на меѓународната соработка за унапредување на сите аспекти на дејноста на Факултетот и за неговата меѓународна афримација, се наметнува заклучокот дека поддршката на овој сегмент во стратешка, финансиска и логистичка смисла, и понатаму треба да продолжи со несмалено темпо и интензитет.

## 10. НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

### 10. 1. Учество на конференции и научни трудови

Во изминатиот петгодишен период, наставнниците и соработниците на Филозофскиот факултет имаат остварено богата научно-истражувачка дејност. За тоа сведочи големиот број на издадени публикации, учества во проекти, учества на семинари, конференции и научни собири од домашен и меѓународен карактер, како и организација на домашни и меѓународни научни собири.

### 10.1.1. Објавување на научни трудови

Во периодот од 2016 до 2020 година, наставниот кадар на Филозофскиот факултет[18] реализирал вкупно 1467 авторства и коавторства на научни публикации од сите видови. Од нив, 784 (53,44%) се индивидуални авторства, што значи дека толкав е и бројот на публикации што се објавени како резултат на индивидуалните истражувачки напори и активности.

Во истиот период, наставниците на Филозофскиот факултет реализирале 402 (27, 41%) коавторства на публикации со два, 142 (9, 68%) коавторства со три и 139 (9, 47%) коавторства со четири и повеќе автори. Податоците за објавените публикации по години се прикажани во Табела 35, а на графиконот 29 е нагледно прикажана дистрибуцијата на трудовите во поглед на статусот на авторството – со еден, два, три или четири и повеќе автори.

Табела 35. Објавени публикации на наставниците на Филозофскиот факултет (2016-2020)

| | Година на објавување | | | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2016 | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | |
| Број на публикации* од наставниците и соработниците со индивидуално авторство | 172 | 167 | 156 | 151 | 138 | 784 |
| Број на публикации во коавторство** – два автора | 83 | 85 | 99 | 73 | 62 | 402 |
| Број на публикации во коавторство ** – три автори | 37 | 24 | 27 | 29 | 25 | 142 |
| Број на публикации во коавторство** – | 25 | 26 | 27 | 36 | 25 | 139 |

[18] Податоците се однесуваат само на наставниците што се тековно вработени на Факултетот.

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| четири и повеќе автори | | | | | | |
| Вкупно | 317 | 302 | 309 | 289 | 250 | 1467 |

*Сите видови публикации
** Бројките во полињата се однесуваат на авторското учество на поединци во коавторските публикации




Графикон 29. Соодност на категориите трудови според бројот на автори/коавтори

Сепак, поради фактот што анкетирањето на наставниците во поглед на објавените трудови се одвиваше индивидуално, а веројатно е дека најголем број од коавторства се реализирани како резултат на соработката меѓу наставниците од самите институти, но и со други наставници од Факултетот, можно е во индивидуалните анкетирања од наставниците да се јават повеќекратни регистрирања на истата публикација. Според тоа, доколку бројот на регистрираните коавторства се подели со соодветниот број автори во секоја категорија (402/2, 142/3 и 139/4), се добива приближен број од 283 наслови на публикации што произлегуваат како резултат на колективните истражувачки напори на наставниците од Филозофскиот факултет – (201+47,30+34,70). Секако, оваа бројка има само ориентациски карактер, затоа што постои веројатност публикациите изработени во коавторство да вклучуваат и автори што не се од Филозофскиот факултет, а и затоа што во некои колективни публикации може да се јават и повеќе од четири автори. Сепак, останува фактот дека, во секој случај, бројот на објавени научни публикации во чие создавање, индивидуално или колективно, учествувале наставниците од Филозофскиот факултет во периодот на кој се однесува самоевалуацијата е поголем од илјада (784+282 = 1067), што е, секако, значајна бројка.

Сепак, ако се анализираат трендовите на кои укажуваат прикажаните квантитативни податоци, може да се забележи дека вкупниот број на објавени публикации во периодот од 2016 до 2020 година е во речиси постојано опаѓање, со исклучок на минималниот пораст меѓу 2017 и 2018 година. На графиконот 30 е прикажан

трендот на вкупната бројка публикации, а на графиконот 31 – трендот на бројките за поединечните категории публикации во поглед на авторството.




Графикон 30. Тренд на вкупниот број објавени публикации




Графикон 31. Тренд на објавени публикации според бројот на автори/коавтори

Како што може да се забележи од графиконите, иако во категориите трудови со повеќекратно авторство има определени флуктуации од една до друга година, нивниот број на крајот од периодот што е предмет на самоевалуација е помал или идентичен со оној на почетокот на периодот, додека бројот на трудовите со индивидуално авторство бележи континуирано опаѓање во целиот период. Иако за утврдувањето на причините за оваа појава се неопходни дополнителни истражувања, индикативен е податокот дека во истиот период се одвива постепено зголемување на работната оптовареност на наставниците на Факултетот на речиси сите институти, што е резултат на постепеното осипување на бројот на вработените наставници и соработници (видете дел III 1.2.1.3).

Доколку се покаже како издржана претпоставката дека зголемените обврски околу наставата и административните аспекти поврзани со неа негативно се одразуваат на интензитетот на научноистражувачката работа на наставниците на Факултет, која е мошне значаен сегмент на дејноста на Факултетот и клучен фактор на неговото пошироко општествено влијание и меѓународна видливост, тоа ќе претставува дополнителен аргумент во прилог на неопходноста од засилување на кадровската опременост на Факултетот.

Со цел да се добие увид не само во квантитативниот аспект на научноистражувачката дејност на наставниците на Филозофскиот факултет преку вкупниот број на објавени публикации, туку и тоа колкав дел од нив се квалитативно рангирани во категоријата „референтни публикации“, во следната табела се издвоени податоците за бројот на референтни публикации објавени во периодот од 2016 до 2020 година, диференцирани по години и по број на автори што учествувале во нивното создавање.

Табела 36. Објавени референтни публикации на наставниците на Филозофскиот факултет (2016 – 2020)

| | Година на објавување | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2016 | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | Вкупно |
| Број на референтни публикации со индивидуално авторство | 115 | 95 | 98 | 95 | 94 | 497 |
| Број на референтни публикации во коавторство – два автора | 64 | 50 | 69 | 37 | 39 | 259 |
| Број на референтни публикации во коавторство – три автори | 27 | 14 | 21 | 19 | 23 | 104 |
| Број на референтни публикации во коавторство – четири и повеќе автори | 17 | 19 | 22 | 16 | 10 | 84 |
| Вкупно | 223 | 178 | 210 | 167 | 166 | 944 |

* Под поимот референтна научна публикација, во смисла на член 2 став 24 од ЗВО (Службен весник на РМ бр. 82/2018) се подразбира: а) научно списание во кое трудовите кои се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование; б) научно списание во кое трудовите кои се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор, во

кој учествуваат членови од најмалку три земји при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број на членови; в) научно списание во кое трудовите кои се објавуваат подлежат на рецензија и кое е објавено во земја-членка на Европската Унија и/или ОЕЦД; г) книга или дел од книга рецензирана и објавена во земја членка на Европската Унија и/или ОЕЦД или д) зборник на рецензирани научни трудови презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји или ѓ) преводи на капитални дела во области кои ги утврдува Националниот совет за високо образование и научно-истражувачка дејност.

Како што може да се забележи од податоците во табелата, во периодот од 2016 до 2020 година наставниците на Филозофскиот факултет реализирале вкупно 944 авторства или коавторства на референтни публикации. Тоа значи дека 64 % од вкупниот број од 1467 авторства се категоризирани како авторства на референтни публикации, што сведочи не само за квантитетот, туку и за високиот квалитет на научноистражувачката дејност на наставниците на Факултетот. Од вкупниот број авторства на референтни публикации (944), 497 (52,65%) се индивидуални, додека 259 (27,43%) се коавторства со учество на двајца автори, 104 (11,02%) – со учество на тројца, а 84 (8,90%) – со учесто на четири и повеќе автори.




Графикон 32. Категории трудови во референтни публикации според бројот на автори/коавтори

Доколку се направи обид да се определи приближниот број поединечни референтни публикации во чие создавање учествувале наставниците на Филозофскиот факултет како индивидуални автори или во коавторство, се добива вкупна бројка од приближно 682 публикации. До неа е дојдено на идентичен начин како и во претходниот случај, при пресметувањето на приближниот број на сите публикации објавени во периодот од 2016 до 2020 година – имено, со третирање на бројот на поединечни авторства и како број на поеднечните публикации, со делење на бројот на публикации во коавторство со бројот на коавтори во секоја категорија – 2, 3 или 4, и со собирање на добиените резултати (497+129,50+ 34,70+21 = 682,20). Секако, поради погоре наведените причини, овој број има само ориентационен статус, а за неговото прецизно

утврдување е потребо да се спроведат дополнителни истражувања според поинаква методологија.

Што се однесува до трендот на движење на вкупниот број авторства на референтни публикации низ изминатиот петгодишен период, може да се констатира дека тој е највисок во 2016, а најмал во 2020 година, што значи дека е во генерално опаѓање, со исклучок на позитивниот „скок“ во 2018 година, како што е нагледно прикажано во следниот графикон.




Графикон 33. Тренд на трудови во референтни публикации

Меѓу објавените публикации на наставниците од Филозофскиот факултет има и голем број монографии и учебници (вкупно 178). Нивното објавување е предмет и на посебна финансиска поддршка од страна на Факултетот, со оглед на нивното големо значење не само за научноистражувачката, туку и на наставната дејност на Факултетот, како и за излегување во пресрет на барањата на студентите за обезбедување квалитетен учебен материјал на македонски јазик по наставните предмети.

Податоците за објавените монографии и учебници по години се прикажани во табелата 37, а на графиконот 34 е претставено процентуалното учество на бројот на монографиите (74,40%) и на учебниците (24,60 %) од вкупниот број публикации во оваа категорија.

Табела 37. Објавени монографии и учебниици на наставниците на Филозофскиот факултет (2016-2020)

| | Година на објавување | | | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2016 | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | |
| Број на објавени монографии | 29 | 23 | 25 | 28 | 31 | 136 |
| Број на објавени учебници | 7 | 8 | 7 | 8 | 12 | 42 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Вкупно | 36 | 31 | 32 | 36 | 43 | 178 |




Графикон 34. Соодност на објавени монографии и учебници

Како што покажува нагледниот приказ на следниот графикон, од 2017 година наваму, објавувањето на оваа категорија публикации бележи континуиран позитивен, нагорен тренд, така што бројката достигната во 2020 година е на повисоко ниво од онаа во почетната година на самоевалуацијата, 2016. Од овој факт може да се извлече заклучокот дека во неповолната ситуација со пандемијата Ковид 19, голем дел од наставниците на Факултетот ја интензивирале својата научноистражувачка работа и се фокусирале врз објавувањето на монографии и учебници како значаен придонес кон научната и наставната дејност на Факултетот.




Графикон 35. Тренд на објавени монографии и учебници

На следниот графикон, пак, нагледно се прикажани поединечните тенденции поврзани со бројките на објавените учебници и монографии.




Графикон 36. Споредба на трендовите на објавување  монографии и учебници

### 10.1.2. Учества во проекти

Важен индикатор на квантитетот и на квалитетот на научноистражувачката дејност на Факултетот е и учеството на наставниците во домашни и меѓународни научноистражувачки проекти. Во периодот од 2016 до 2020 година наставниците на Филозофскиот факултет реализирале вкупно 495 учества во проекти, од кои 336 (67,88% ) се во домашни, а 159 (32,12%) – во меѓународни проекти. Дистрибуцијата на учествата по години и категории, како и процентуалниот соодност на учествата во домашните и во меѓународните проекти се прикажани во табелата 38 и на графиконот 37.

Табела 38. Учества во проекти

| | Година на учество | | | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2016 | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | |
| Учества во домашни проекти | 74 | 64 | 66 | 72 | 60 | 336 |
| Учества во меѓународни проекти | 28 | 29 | 34 | 34 | 34 | 159 |
| Вкупно | 102 | 93 | 100 | 106 | 94 | 495 |




Графикон 37. Соодност на учества во домашни и во меѓународни проекти

Компарацијата на броевите низ годините покажува опаѓање на вкупниот број учества во проекти во периодот од 2016 до 2017 година, континуиран раст од 2017 до 2019 година, и пад во 2020 година (што, барем делумно, може да се објасни со околностите на пандемијата), како што е прикажано на следниот графикон.




Графикон 38. Тренд на учества во проекти

Диференцираниот приказ на трендовите на учествата во домашните и во меѓународните проекти е даден во графиконот 39.




Графикон 39. Споредба на учествата во домашни и во меѓународни проекти

### 10.1.3. Учества на научни собири

Што се однесува до учеството на наставниците од Филозофскиот факултет на домашни и меѓународни научни собири – конференции, симпозиуми, семинари, итн., може да се констатира дека во периодот на кој се однесува самоевалуацијата тие оствариле значаен број вакви учества – вкупно 1114. Притоа, забележлива е квантитативната доминација на учеството на меѓународните научни собири 671 (60,23%), наспроти 443 учества (39,77% од вкупниот број) на домашни, научни собири, како што може да се види од табелата и од графиконот во продолжение.

Табела 39. Учества на научни собири (2016 – 2020)

| | Година на учество | | | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2016 | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | |
| Учества на домашни научни собири (конференции, симпозиуми, семинари, итн.) | 80 | 90 | 97 | 111 | 65 | 443 |
| Учества на меѓународни научни собири (конференции, симпозиуми, семинари, итн.) | 160 | 118 | 159 | 144 | 90 | 671 |
| Вкупно | 240 | 208 | 256 | 255 | 155 | 1114 |




Графикон 40. Соодност на учества на домашни и на меѓународни собири

Анализата на глобалниот тренд на вкупниот број учества на научните собири покажува дека тој е највисок во 2018 и 2019 година, а во 2020 година значително опаѓа. Сепак, овој податок не е изненадувачки, кога ќе се земе предвид дека ситуацијата со пандемијата Ковид 19 во голема мера го попречи организирањето и учествата на научните настани.




Графикон 41. Учества на научни собири

Анализата на податоците по категориите настани покажува дека учествата на домашните конференции бележат континуиран тренд на пораст од 2016 до 2019 година, со очекуван пад во пандемиската 2020 година, додека учествата на меѓународните научни собири покажуваат позначајни варијации низ овој период, со најголем број во

2016 и во 2018 година, а најмал во 2017 година (доколку се исклучи очекуваниот пад во 2020 година). Тие тенденции се нагледно прикажани во следниот графикон.




Графикон 42. Споредба на трендовите на учество на домашни и на меѓународни собири

### 10.1.4. Реализирање на проекти

Освен преку индивидуалните учества на наставниците, научноистражувачката дејност на Филозофскиот факултет се одвива и преку јавувањето на неговите институти во улога на носители или партнери на домашни и на меѓународни проекти, како и на организатори на домашни и меѓународни научни собири.

Така, во периодот од 2016 до 2020 година преку институтите на Факултетот започнале да се реализираат или се реализирале[19] вкупно 45 проекти во кои тие учествувале како носители или како партнери. 26 од вкупниот број проекти се од домашен карактер, при што во 20 проекти (76,92%) институтите на Факултетот се јавуваат како носители, а во 6 (23,08%) – како партнери. 19 проекти се со меѓународен или билатерален карактер, од кои на 3 (15,79%) Факултетот, преку своите институти, е носител или координатор, а на 16 (84,21%) – партнер. Во табелата 40 е даден сумарниот приказ на бројот на проекти, а на графиконот 43 – нагледен приказ на соодносот на домашни и на меѓународни проекти.

[19] Проектите се регистрираат во годината кога започнале со реализација.

Табела 40. Број на реализирани проекти (2016-2020)

| | Година на почеток на реализацијата | | | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2016 | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | |
| Број на реализирани домашни проекти (статус на носител) | 6 | 3 | 4 | 5 | 2 | 20 |
| Број на реализирани домашни проекти (статус на партнер) | 1 | 1 | 3 | 1 | 0 | 6 |
| Број на реализирани меѓународни проекти (статус на носител) | 0 | 0 | 2 | 0 | 1[20] | 3 |
| Број на реализирани меѓународни проекти (статус на партнер) | 3 | 2 | 4 | 4 | 3 | 16 |
| Вкупно | 10 | 6 | 13 | 10 | 6 | 45 |




Графикон 43. Соодност на домашни и на меѓународни проекти

Општата тенденција на вкупниот број реализирани проекти е прикажана на графиконот 36, а на графиконот 37 – тенденциите за секоја од двете категории поединечно.

[20] Завршен проект започнат во 2014 година.




Графикон 44. Тренд на бројот на проекти




Графикон 45. Споредба на трендовите на домашните и на меѓународните проекти

Како што може да се види од графиконите, во периодот на кој се однесува самоевалуацијата, најголем број проекти, како во категоријата домашни, така и во категоријата меѓународни проекти, е регистриран во 2018 година, а во 2020 година вкупниот број проекти, како и бројот на меѓународни проекти, ја достигнуваат најниската точка, што не е неочекувано со оглед на ситуацијата со пандемијата Ковид 19.

### 10.1.5. Организирање научни собири

Значаен сегмент од научноистражувачката дејност на Филозофскиот факултет е и организирањето на научни собири од различен вид – конференции, симпозиуми, семинари, итн., како од домашен, така и од меѓународен карактер. Така, во периодот од 2016 до 2020 институтите на Филозофскиот факултет се јавуваат како организатори на вкупно 64 научни собири, од кои подеднаков број (по 32, односно по 50%) се од домашен и од меѓународен карактер, како што може да се види од табелата 41 и од графиконот 46.

Табела 41. Број на организирани научни собири (2016-2020)

| | Година на одржување на научниот собир | | | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2016 | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | |
| Број на организирани домашни научни собири (конференции, симпозиуми, семинари, итн.) | 4 | 4 | 13 | 8 | 3 | 32 |
| Број на организирани меѓународни научни собири (конференции, симпозиуми, семинари, итн.) | 8 | 6 | 6 | 10 | 2 | 32 |
| Вкупно | 12 | 10 | 19 | 18 | 5 | 64 |




Графикон 46. Соодност на организирани домашни и меѓународни научни собири

Како што може да се види од анализата на податоците, нагледно прикажани на следниот графикон, вкупниот број организирани научни собири е најголем во 2018 и во 2019 година, а најмал – во 2020 година. Сепак, со оглед на пандемијата со Ковид 19,

која започна во првото тримесечие од 2020 година, наглото намалување на бројот на организирани научни собири во овој период е сосем очекуван факт.




Графикон 47. Тренд на вкупниот број организирани научни собири

Најголем број домашни научни собири биле организирани во 2018, а најголем број меѓународни – во 2019 година, со очекуван пад во двете категории во пандемиската 2020 година, како што може да се види од графиконот 48.




Графикон 48. Споредба на тенденциите на домашните и на меѓународните научни собири

Изнесените податоци претставуваат сумирани резултати според извештатите на поткомисиите за самоевалуација, во кои се регистрирани собирите со научен карактер во потесна смисла (конференции, симпозиуми, итн) што се организирани од страна на институтот. Меѓутоа, ако во бројот на организирани настани од страна на Факултетот се вбројат и настаните што имаат академски карактер во поширока смисла – промоции, трибини, тркалезни маси, летни школи, итн. тогаш вкупниот домашни и меѓународни настани е значително поголем. Така, според деканските извештаи за периодот 2016/17 – 2019/20 година организирани се вкупно 99 настани од различен вид, од кои 69 (69,70%) се со домашен, а 30 (30,30%) – со меѓународен карактер, како што е покажано во табелата 42 и на графиконот 49.

Табела 42. Академски настани (од сите видови) организирани од Филозофскиот факултет (учебна 2016/17 – учебна 2019/2020)

| | Учебна година | | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| | 2016/17 | 2017/18 | 2018/19 | 2019/20 | |
| Домашни академски настани (сите видови) | 16 | 13 | 14 | 26 | 69 |
| Меѓународни академски настани (сите видови) | 5 | 7 | 8 | 10 | 30 |
| Вкупно | 21 | 20 | 22 | 36 | 99 |




Графикон 49. Соодност на организирани домашни и меѓународни академски настани

Почнувајќи од 2017/2018 година, вкупниот број организирани настани има континуиран нагорен тренд, како што е нагледно покажано на графиконот 50.




Графикон 50. Тренд на организирани академски настани

Притоа, нагорниот тренд е најизразен во периодот од 2018/19 до 2019/20 година кај домашните настани, но е забележлив, иако со помал интензитет, и во категоријата меѓународни настани, како што е нагледно прикажно на графиконот 51.




Графикон 51. Споредба на трендовите на организирање домашни и меѓународни академски настани

**10. 1. 6. Награди и признанија на наставниот кадар**

Во периодот на кој се однесува самоевалуацијата, неколку наставници од Филозофскиот факултет имаат добиено меѓународни и домашни награди и признанија за својата научноистражувачка дејност и за својот придонес во сферата на науката, културата и образованието:

- Одликување Витез од редот на академските палми, што го доделува Владата на Република Франција за посебни заслуги во областа на образованието и културата (професор од Институт за филозофија);

- Грамота од Археолошки институт во Софија за почесен член на БАН (професор од Институт за историја на уметноста и археологија);
- „Најдобар научник на УКИМ“ во областа на медицинските науки за 2017 година (професор од Институт за специјална едукација и рехабилитација);
- Награда од Општина Валандово за посебен придонес во науката и културата (професор од Институт за социологија).

### 10.1.6. Резиме и споредба со претходната самоевалуација

Како што може да се види од изнесените податоци, наставниците на Филозофскиот факултет во изминатиот петгодишен период оствариле мошне богата научноистражувачка дејност, изразена преку 1467 авторства и коавторства на научни публикации, од кои 944 на референтни публикации, на 136 учебници и 42 монографии, 495 учества во проекти, од кои 336 домашни и 159 меѓународни, како и 1114 учества на конференции, симпозиуми и други видови научни собири, од кои 443 се домашни, а 671 – меѓународни.

Во наведениот период, Филозофскиот факултет како носител или како партнер преку своите институти е вклучен во 26 домашни и 19 меѓународни проекти, како организатор на 32 конференции и симпозиуми од домашен и исто толку од меѓународен карактер.

Во периодот од 2016/19 до 2019/20 година на Факултетот се организирани вкупно 99 академски настани од сите видови (во кои се вклучени и претходно споменатите конференции и симпозиуми за соодветните години), од кои 69 се од домашен, а 30 од меѓународен карактер.

Доколку се направи споредба на квантитативните показатели за индивидуалната научноистражувачката активност на наставниците со оние од претходната самоевалуација, може да се забележи пораст во категоријата на објавени трудови (односно, авторства на публикации) и учествата во проекти, а намалување во категоријата учества на научни собири. Оваа состојба нагледно е прикажана на графиконот 52.




Графикон 52. Споредба на показателите на научноистражувачката дејност за периодите 2011–2015 и 2016 – 2020 година

Сепак, овој сооднос треба да се интерпретира со внимателност, поради фактот што во претходната самоевалуација податоците за овој сегмент се изложени по учебни години, а во оваа – по календарски, така што е можно да се јават определени преклопувања во информациите на анкетираните наставници дадени за 2016 година, со оние регистрирани во претходната самоевалуација. Исто така, споредбата е отежната поради вонредните услови создадени со пандемијата Ковид 19, кои во голема мера го нарушија вообичаениот тек на научноистражувачките активности во текот на 2020 и 2021 година и се одразија на квантитативните показатели во оваа категорија.

Што се однесува до општите трендови по одделни категории, во поглед на публикациите, најголем дел од нив се со индивидуално авторство, но значаен дел се изработени и како резултат на коавторска соработка. Тоа укажува на факот дека во овој сегмент на научноистражувачката работа постои баланс меѓу индивидуалниот и колективниот аспект на научноистражувачката дејност. Исто така, близу 65% од трудовите се објавени во референтни публикации, што е показател за нивниот висок научен квалитет. Податоците укажуваат на генерален тренд на опаѓање на вкупниот број објавени трудови, но од 2017 година наваму континуиран пораст бележи бројот на објавени учебници и монографии. Учествата во проекти бележат изразит нагорен тренд во периодот меѓу 2017 и 2019 година, а учествата на научните собири достигнуваат највисока точка во 2018 и 2019 година. Реализацијата на домашни научноистражувачки и/или апликативни проекти е најинтензивна во во 2016 и 2018, а на меѓународни проекти – во 2018 година. Вкупниот број организирани академски настани е во континуиран пораст од 2017/18 до 2019/20 година, при што најголем број домашни конференции и симпозиуми биле организирани во 2018, а најголем број меѓународни – во 2019 година.

Фактот што во многу од анализираните сегменти на научноистражувачката дејност се забележува пад во 2020 година и се прекинуваат позитивните тенденции од претходните години секако се должи на вонредната состојба со пандемијата Ковид 19. Меѓутоа, охрабрува фактот што и во такви услови научноистражувачките активности продолжуваат во алтернативни облици (на пример, конференции во онлајн или во хибриден формат), а во некои дејности што подразбираат индивидуална истражувачка работа – на пример, пишувањето на монографии и учебници, тие се одвиваат и со зголемен интензитет. Кон значајниот квантитет и квалитет на научноистражувачката дејност, за која дел од наставниците се носители и на домашни и на меѓународни награди и признанија, голем придонес има и финансиската поддршка на Факултетот и на универзитетските и државните институции за учества на научни собири и објавување во врвни научни списанија. Сепак, трошоците за меѓународните учества, особено на престижните конференции и во реномираните списанија, особено во оние со фактор на влијание, се високи и честопати ги надминуваат сумите што се определени за поддршка, така што таа форма на стимулација на научноистражувачката дејност особени на меѓународен план треба и понатаму да продолжи и каде што е можно, да се интензивира. Исто така, со цел да се стимулира квантитетот и квалитетот на научноистражувачката дејност потребно е, покрај обезбедниот пристап кон определен број бази на научни трудови и друг вид електронски ресурси (Qualtrics, Cambridge Core, JSTOR, Artstor, Elgaronline, EBSCOhost) и понатаму да се прошируваат можностите на наставниците за пристап кон ваков тип ресурси преку Факултетот.

## 11. ИЗДАВАЧКА ДЕЈНОСТ

Во изминатите пет години, Филозофскиот факултет има развиено богата издавачка дејност, која го опфаќа издавањето и одобрување средства за печатење на учебници, учебни помагала, монографии, студии, списанија, годишник, зборници во печатена и електронска форма, со што се поттикнува научноистражувачката дејност на наставниците и соработниците на Филозофскиот факултет.

Списание кое се издава континуирано од 1948 години и кое заклучно со 2020 година има издадено 73 броја е *Годишниот зборник на Филозофскиот факултет во Скопје*. Од 2016 година тој излегува како списание со двоен уредувачки одбор, еден со домашен и еден со меѓународен уредувачки состав.

Исто така, Филозофскиот факултет се јавува во улога на издавач или коиздавач и на следниве 10 списанија со меѓународни уредувачки одбори:

- *Филозофија*
- *Меѓународно списание за образование, истражување и обука*
- *Историја*
- *Македонска историска ревија*
- *Folia Archeologica Balkanica*
- *Жива антика*
- *Психологија: наука и практика*
- *Социолошка ревија*
- *Безбедносни дијалози*
- *Ревија за социјална политика*
- *Дефектолошка теорија и практика*

Три од овие списанија – *Безбедносни дијалози*, *Ревија за социјална политика* и *Дефектолошка теорија* и практика се индексирани во EBSCO и во повеќе други електронски бази на научни трудови.

Во истиот период, Филозофскиот факултет во Скопје се јавува како издавач на вкупно 86 научни и стручни публикации од различни видови – учебници, монографии, зборници на трудови од домашни и меѓународни научни конференции и преводи на научни дела.

## 12. ФИНАНСИРАЊЕ

Факултетот остварува приход по основа на средства од Министерството за образование и наука (буџетска сметка) и средства од студенти, научно-истражувачки и апликативни проекти и други донации (сопствена сметка).

### 13.1. Приходи

Во следната табела се прикажани податоците за приходите на Факултетот на буџетската сметка за периодот од 2016 до 2020 година.

Табела 43. Приходи на Факултетот на буџетската сметка

| Приходи од МОН | Година | | | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2016 | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | |
| Буџет за плати | 74616957 | 73431073 | 73308959 | 75268273 | 77200213 | 373825475 |
| Истражувачки проекти | 2682394 | 2827538 | 252934 | / | 531924 | 6294790 |
| Приходи за други намени (режиски трошоци и сл.) | 7986727 | 8618047 | 6540247 | 15459109 | 5681904 | 44286034 |
| Вкупно | 85286078 | 84876658 | 80102140 | 90727382 | 83414041 | 424406299 |

Од податоците во табелата може да се заклучи дека од вкупниот износ буџетски средства добиени во изминатиот период (424.406.299 денари), 88,08% (373.825.475) отпаѓаат на средствата за плати, 1,48% (6.294.790) на истражувачки проекти, а 10,44% (44.286.034) - на приходи за други намени (режиски трошоци, итн.). Овој соодност е нагледно прикажан на графиконот 53.




Графикон 53. Дистрибуција на приходите од буџетските средства

Како што може да се види од следниот графикон, во изминатиот период, годишниот приход на буџетската сметка на Факултетот достигнал највисок износ во 2019 година (90.727.382 денари), а најмал во 2018 година (80.102.140 денари).




Графикон 54. Тренд на приходите од буџетски средства

Што се однесува до сопствените приходи во периодот што е предмет на самоевалуација, тие се прикажани во следната табела.

Табела 44. Приходи на Факултетот од сопствени средства

| Сопствени приходи | Година | | | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2016 | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | |
| Партиципација | 47710928 | 46964469 | 46375996 | 44117144 | 40276188 | 225444725 |
| Приходи од проекти | 3911898 | 5158536 | 2137337 | 3153627 | 3269126 | 17630524 |
| Други извори на приход | 37275789 | 30442046 | 25230593 | 28811157 | 29500511 | 151260096 |
| Вкупно | 88898615 | 82565051 | 73743926 | 76081928 | 73045825 | 394335345 |

Од вкупниот износ на сопствените приходи акумулирани во изминатиот период од сопствени средства (394.335.345 денари), 57,17% (225.444.725) се приходи од

партиципација на студентите, 4,47% (17.630.524) од проекти, а 38,36% (151.260.096) – од други извори на приход. Овој сооднос е нагледно прикажан на графиконот 55.




Графикон 55. Дистрибуција на приходите од сопствени средства

Како што може да се види од графиконот 56, сопствените приходи достигнуваат највисок износ во 2016 година (88.898.615 денари), а најниска во 2020 година (73.045.825 денари).




Графикон 56. Тренд на приходи од сопствени средства

Соодносот на приходните од МОН и сопствените приходи за изминатиот период по години е нагледно прикажан на следниот графикон.




Графикон 57. Соодност на приходите од МОН и сопствените приходи

## 13.2. Расходи

Што се однесува до расходите на Факултетот во периодот на кој се однесува самоевалуацијата, нивната дистрибуција по категории и по години е прикажана во табелата во продолжение.

Табела 45. Расходи од буџетските средства

| Расходи од буџетските средства | Година | | | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2016 | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | |
| Плати и надоместоци | 74616957 | 73431073 | 73308959 | 75268273 | 77200213 | 373825475 |
| Трошоци за конференции и научни трудови | 142757 | 144000 | 143904 | 187029 | 286041 | 903731 |
| Проекти | 2682394 | 2827538 | 252934 | / | 531924 | 6294790 |
| Опрема и други капитални инвестиции | / | 2727889 | 598260 | 9499671 | / | 12825820 |
| Комунални услуги, | 7394483 | 5563524 | 5655203 | 5596993 | 4759623 | 28969826 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| греење, комуникации и транспорт | | | | | | |
| Други трошоци | 4759623 | 182634 | 142880 | 175416 | 636240 | 1586657 |
| Вкупно | 85286078 | 84876658 | 80102140 | 90727382 | 83414041 | 424406299 |

Од вкупниот износ расходи од буџетските средства за сите пет години (424.406.299 денари), 88,08 % (373.825.475 денари) се потрошени за плати и надоместоци, 0,21% (90.3731 денари) се трошоци за конференции и научни трудови, 1.48% (6.294.790 денари) – за проекти, 3,02 % (12.825.820 денари) за опрема и други капитални инвестиции, 6,83% (28.969.826 денари) за комунални услуги, греење, комуникации и транспорт, и 0,38% (1.586.657 денари) отпаѓаат на други трошоци. Овој сооднос е нагледно прикажан на графиконот 58.




Графикон 58. Дистрибуција на расходите од буџетски средства

Како што е нагледно прикажано во графиконот 59, расходите од буџетските средства биле најниски во 2018 година (80.102.140 денари), а највисоки во 2019 година (90.727.382 денари).




Графикон 59. Тренд на расходи од буџетски средства

Во следната табела се прикажани расходите од сопствените средства на Факултетот за периодот 2016 – 2020 година.

Табела 46. Расходи од сопствени средства

| Расходи од сопствени средства | Година | | | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2016 | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | |
| Плати и надоместоци | 29050573 | 27822811 | 26014594 | 25233510 | 23029096 | 131150584 |
| Договорни услуги | 22828776 | 21160803 | 19392719 | 18742816 | 20080339 | 102205453 |
| Проекти | 2746251 | 4125552 | 1466993 | 2276934 | 2569857 | 13185587 |
| Опрема и други капитални инвестиции | 1634896 | 3178196 | 1636628 | 2729834 | 2094306 | 11273860 |
| Комунални услуги, греење, комуникации и транспорт | 4235977 | 5201871 | 2200223 | 1864517 | 1480468 | 14983056 |
| Материјални трошоци | 3357857 | 3008708 | 2666079 | 1890334 | 1561263 | 12484241 |
| Други трошоци | 18331297 | 13146529 | 15251719 | 15416570 | 14015778 | 76161893 |
| Вкупно | 82185627 | 77644470 | 68628955 | 68154515 | 64831107 | 361444674 |

Од вкупно потрошените 361.444.674 денари како расходи од сопствени средства, на плати и надоместоци отпаѓаат 36,28% (131.150.584 денари), на договорни услуги – 28,28% (102.205.453 денари), на проекти – 3,65% (13.185.587), на опрема – 3,12% (11.273.860 денари), на комунални услуги – 4,15% (14.983.056 денари), на материјални трошоци – 3,45% (12.484.241 денари) и на други трошоци – 21,07% (76.161.893 денари). Овој сооднос е нагледно прикажан на графиконот 60.




Графикон 60. Дистрибуција на расходите од сопствени средства

Како што може да се види од следниот графикон, тие биле најголеми во 2016 година (82.185.627 денари), а потоа бележат постепено опаѓање, сè до најниската точка во 2020 година (64.831.107 денари).




Графикон 61. Тренд на расходите од сопствени средства

На следниот графикон е прикажан соодносот на расходите од буџетските и од сопствените средства за секоја година.




Графикон 62. Соодност на расходи од буџетски и од сопствени средства

Сумарниот преглед на вкупните приходи (по сите основи), вкупните расходи (по сите основи) и разликата меѓу нив е претставен во табела 47.

Табела 47. Вкупни приходи и расходи по сите основи за периодот 2016 – 2020

| | Година | | | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2016 | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | |
| Вкупни приходи | 174184693 | 167441709 | 153846066 | 166809310 | 156459866 | 818741644 |
| Вкупни расходи | 167471705 | 162521128 | 148731095 | 158881897 | 148245148 | 785850973 |
| Разлика | 6712988 | 4920581 | 5114971 | 7927413 | 8214718 | 32890671 |

### 13.3. Резиме и споредба со претходната самоевалуација

Од прикажаните податоци може да се заклучи дека двата столба на финансирањето на Факултетот – од буџетските и од сопствените средства играат значаен и приближно рамноправен глобален удел во функционирањето на Факултетот. Во изминатите пет години, буџетските средства учествувале во вкупните приходи на Факултетот со 51,84%, а сопствените средства – со 48,16%, со тоа што сопствените приходи биле најголеми во 2016, а буџетските – во 2019 година. Споредбата со податоците што се достапни од извештајот од претходната самоевалуација укажува на тренд на зголемување на процентуалното учеството на сумата за плати во вкупниот буџетски прилив. Така, додека во 2014 и 2015 година просечното учество на буџетот за

плати и надоместоци во вкупните буџетски средства изнесувало 82,37%, во периодот 2016-2020 година тој процент изнесува 88,08%.

## IV. ОЦЕНКА НА СОСТОЈБАТА: АНАЛИЗА НА СИЛНИТЕ И СЛАБИТЕ СТРАНИ НА ФУНКЦИОНИРАЊЕТО НА ИНСТИТУЦИЈАТА (SWOT АНАЛИЗА)

Врз основа на податоците и сознанијата изнесени во претходните сегменти од Извештајот, во продолжение се резимирани клучните констатации што ги сугерира нивната анализа. Тие ќе бидат претстаавени во форма на SWOT анализа (Strenghts, Weaknesses, Opportunities, Threats), во која ќе бидат посочени аспектите што од страна на Комисијата за самоевалуација се воочени како силни и како слаби страни на функционирањето на институцијата во конкретните услови, заедно со можностите кои се укажуваат, како и со заканите, односно потенцијалните проблеми што се отвораат во постојната ситуација.

### 1. НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

#### а) Силни страни

- Современи студиски програми, изработени согласно барањата на ЕКТС
- Широк дијапазон на избор на студиски програми на сите циклуси и континуирано интересирање на студентите за запишување на поголемиот дел од нив
- Соодветност на предметните содржини и часовите на целите на студиските програми и висок степен на нивно остварување
- Редовно и систематско користење на методите за континуирана проверка на знаењата
- Генерално задоволителна покриеност на предметите со учебници и учебни помагала и достапност на литературата
- Реализација на завршен дипломски испит кој придонесува за комплетно оформување на стручниот профил
- Засилено користење на современите информациско-комуникациски технологии во наставниот процес
- Обезбеденост на пристап кон електронски ресурси
- Генерално солидни просторно-технички и материјални услови за одвивање на наставно-образовниот процес
- Фреквентно консултирање на наставниците за потреба од набавка на нова литература
- Компетентен и реномиран наставен кадар, баран и ангажиран и на други факултети во рамки на УКИМ, како и на други високообразовни институции во земјата и во странство
- Висок степен на респект и доверба во односите студенти-наставници
- Брза и успешна реакција на Факултетот на ситуацијата со пандемијата и обезбедување алатки, ресурси и обуки за непречено одвивање на наставата во вонредни услови
- Вклученост на студентите во сите облици на дејноста на Факултетот преку Факултетското студентско собрание
- Голем број разновидни студентнски активности од научен, културен, спортски и општествен карактер
- Грижа за потребите на студентите со попреченост
- Олеснетост на процесот на анкетирање и опфатеност на најголем број студенти со електронската анкета преку системот Iknow

**б) Слаби страни**

- Континуирано осипување на наставно-научниот кадар, поради малиот број вработувања на нови лица, односно поради неможноста за пополнување на испразнетите места на пензионираните наставници
- Немање соработнички кадар (асистенти) и изведување на најголем број од вежбите од страна на професорите
- Неможност за континуирано изградување на наставно-научен подмладок, поради недостиг од помлади соработници
- Значителна оптовареност на наставниот кадар на Факултетот, изразена преку големиот фонд неделни часови на сите институти
- Тешко остварливи услови за ангажирање демонстратори
- „Преклопување“ на програми акредитирани во различни години и зголемување на бројот на предмети и ангажманот кај некои наставници во текот на секој семестар
- Нецелосна покриеност на наставата со лица избрани во соодветни области и потреба од анагажирање надворешни лица во наставата и комисиско изведување на испити
- Намалување на бројот на новозапишани студенти, особено на првиот циклус, и неисполнување на предвидените квоти за упис на голем дел од студиските програми
- Големи разлики во интересот за студирање на одделните студиски програми што ги нуди Факултетот
- Голема диспропорција на соодносот на бројот на активни студенти и на наставници меѓу институтите и дополнителна оптовареност во работата со голем број студенти на некои институти
- Недоволно релевантна практична настава за стручниот профил на некои од студиските програми
- Недоволна вклученост на студентите во консултирање за потребите и набавката на литература во библиотеките
- Проблеми со просторните можности во кои се одвива наставата на одделни институти, каде што бројот на студенти е поголем
- Непостоење на единствена читална со продолжено работно време
- Недоволна обезбеденост со современи технички средства (особено преносни компјутери) и друг тип опрема за изведување на наставата
- Постоење на извесни недостатоци во техничката и логичката опременост на Факултетот и обученоста на наставниот кадар за настава на далечина во услови на пандемија и други вонредни ситуации
- Неможност на дел од студентите континуирано да ја следат онлајн наставата поради недостаток на опрема и/или стабилна интернет врска
- Недоволна функционалност на системот Iknow во определени аспекти и потреба од негово поголемо приспособување кон потребите и барањата на корисниците
- Немање објективен увид во редовноста на посетувањето на наставата од страна на студентите опфатени со системот на масовно и задолжително електронско анкетирање
- Отежнато изведување настава и испити во онлајн-форма, особено во групи со голем број студенти

- Занемарување на компаративните предности на класичната настава со физичко присуство

**в) Можности**

- Креирање на наставни програми што излегуваат во пресрет на диференцираните интересирања на студентите и на современите општествени потреби, во соработка со Центарот за кариера и со други општествени чинители
- Можност за соработка со други институции во реализација на наставата и на практичната работа на студентите
- Можности за мобилност на студентите и за остварување професионални контакти со потенцијалните работодавачи уште во периодот на студирањето
- Осмислување на програми и активности за доживотно образование и привлекување на поширок круг заинтересирани од различни возрасти за проширување и надградување на своето образование
- Преземање активности за поттикнување (промотивни активности, стипендирање итн.) на запишувањето на студенти со висок научен потенцијал, особен на студиските програми од темелните хуманистичко-општествени дисциплини на кои вообичаено се запишуваат помал број студенти
- Искористување на ситуацијата со пандемијата како можност за интензивирање на постојните активностите за развој на учењето на далечина (инфраструктура, ресурси, обуки, итн.)
- Создавање систем за брза реакција на вонредни околности и продолжување на наставниот процес и кога наставата со физичко присуство е оневозможена од објективни околности

**г) Закани**

- Промена на старосната структура на наставниот кадар и доминација на категоријата редовни професори, поради недостаток на помлади соработници
- Ускратена можност за систематско развивање на млад наставен кадар во континуитет, под менторство и соработка со постарите професори и колеги
- Редуцирање на научноистражувачката активност поради преголема оптовареност со настава и административни обврски на мнозинството од кадарот
- Отежнатост на практично реализирање на големата понуда на студиски програми поради постепеното намалување на наставниот кадар
- Расцепкување на студентите на голем број студиски програми (особено на втор циклус), што го отежнува создавањето групи за одржување настава со предавања
- Неповолни демографски трендови, кои влијаат на намалувањето на бројот на запишани студенти со текот на годините
- Зголемена конкуренција во сферата на високото образование, особено на приватните високообразовни институции, и понуда на слични студиски програми на други универзитети во земјата
- Опасност од деградирање на статусот на хуманистичките дисциплини поради пренагласување на критериумот на конјунктурата и пазарната валоризација на стручните профили

- Опасност од правна несигурност поради честите измени во законската регулатива што се однесува на високото образование и непостоење на конзистентна и долгорочна стратегија за негов развој
- Сложен и релативно бавен систем за акредитирање и реакредитирање на студиските програми, кој може да предизвика застој во континуираното одвивање на наставно-образовниот процес на некои студиски програми

## 2. НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА И ИЗДАВАЧКА ДЕЈНОСТ

### а) Силни страни

- Обемна научноистражувачка дејност на наставниот кадар – висок број публикувани трудови и учества на домашни и меѓународни конференции и проекти
- Баланс меѓу индивидуалниот и колективниот аспект на научноистражувачката дејност (трудови со индивидуално авторство и со коавторство)
- Висок број трудови објавени во референтни публикации
- Раст на бројот на објавени учебници и монографии, особено во периодот на пандемијата Ковид 19
- Тренд на пораст на организирање научни настани од различен вид
- Богата издавачка дејност на Факултетот (списанија, монографии, учебници, зборници, преводи)
- Финансиска поддршка од страна на Факултетот за учество на домашни и на меѓународни собири и за печатење на трудови на наставниот кадар
- Учество на Факултетот како носител и како партнер на домашни и на меѓународни проекти и организатор на голем број домашни и меѓународн настани
- Обезбедување пристап до бази на научни публикации од страна на Факултетот (ризници на трудови, истражувачки е-ресурси)
- Процес на дигитализација на библиотечниот фонд

### б) Слаби страни

- Опаѓање на вкупниот број публикации низ периодот на кој се однесува самоевалуацијата
- Недоволност на обезбедената финансиска поддршка од Факултетот и од другите институции (Универзитетот, МОН) за целосно покривање на трошоците за учество на престижни конференции и објавување во меѓународни публикации со фактор на влијание
- Недоволност на обезбедените електронските ресурси за покривање на сите потреби од литература за врвно ниво на научноистражувачката дејност

### в) Можности

- Ангажирање на студенти на втор и на трет циклус како соработнички кадар во научно-истражувачки проекти
- Соработка со други институции и странски универзитети во реализација на наставата и истражувањата

- Развивање на обемна и функционална мрежа на алумни и искористување на потенцијалот за соработка со нејзините членови
- Зголемување на квалитетот на научноистражувачката дејност преку поддршката од Факултетот и другите институции (Универзитетот, МОН, итн.)
- Зголемување на домашната и на меѓународната афирмација и видливост на Факултетот и на неговите наставници преку интензивирање на нивното присуство во глобалниот електронски простор

**г) Закани**

- Запирање на позитивните трендови на раст на бројот на домашни и меѓународни собири поради ситуацијата со пандемијата Ковид 19
- Слабеење на интересот за учество на домашните научни настани
- Постепено редуцирање на научноистражувачката дејност поради оптовареноста на наставниот кадар со наставни и административни обврски, како и поради недостаток на финансиски средства што се неопходни за реализирање на истражувања кои доведуваат до постигнување меѓународно релевантни и влијателни научноистражувачки резултати
- Постоење на „предаторски" списанија кои ја злоупотребуваат потребата на наставниот кадар за објавување трудови со меѓународна димензија и не обезбедуваат реален, туку само привиден квалитет

## 3. МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

**а) Силни страни**

- Голем број Еразмус договори со партнерски универзитети и учество во CEEPUS мрежи
- Зголемена мобилност на наставниот кадар и на студентите преку програмите Erasmus + и CEEPUS
- Воведување нови форми на меѓународна соработка (Меѓународна недела на Филозофскиот факултет)
- Организирани студиски посети на странски универзитети
- Интензивирање на домашната и меѓународната мобилност, особено на наставниот кадар
- Финансиска поддршка за Факултетот за формите на меѓународна соработка (организирање и учества на меѓународни конференции, летни школи итн.)

**б) Слаби страни**

- Комплексни процедури за аплицирање и логистичка поддршка за добивање и реализирање на меѓународни проекти
- Забавување на позитивните трендови на формите на меѓународна соработка поради ситуацијата со пандемијата Ковид 19

**в) Можности**

- Вклучување на Факултетот во светските научноистражувачки трендови

- Воведување на новите сознанија и современите наставни и научноистражувачки методи во работата на Факултетот
- Афирмација на резултатите од работата на неговите наставници, соработници и студенти на меѓународен план
- Проширување на мрежата на професионални контакти и соработници

**г) Закани**

- Тенденција на голем број квалитетни студенти идната академска кариера да ја реализираат во земјите на остварената мобилност (феноменот на „одлив на мозоци“)
- Редуцирање на научните настани со физичко присуство, особено на оние од меѓународен карактер, како резултат на ситуацијата со пандемијата Ковид 19

## 4. ФИНАНСИРАЊЕ

**а) Силни страни**

- Постојан прилив на средства од МОН
- Прилив на средства врз основа на партиципација за студирање (на сите три циклуси)
- Дополнителен прилив на средства од научноистражувачки проекти

**б) Слаби страни**

- Тешкотии заради неможност да се предвидат прекини во студирањето и благовремено да се испланира ангажирањето на наставниот кадар на вториот и на третиот циклус (непочитување на роковите за изработка на магистерски и докторски тези, проблеми во конституирањето на групите студенти за изборните предмети итн.)
- Ограничени можности за автономно располагање со средствата остварени од сопствени приходи

**в) Можности**

- Привлекување странски студенти преку студиски програми на втор и на трет циклус на англиски јазик

**г) Закани**

- Задоцнето плаќање на обврските и застој во функционирањето на Факултетот
- Одлив на дипломирани студенти на постдипломски студии на други универзитети

## V. ПРЕПОРАКИ ЗА НАДМИНУВАЊЕ НА ПОСТОЈНИТЕ СЛАБОСТИ

Врз основа на изведените анализи во врска со поединечните аспекти на самоевалуацијата, Комисијата ги предлага следните мерки и активности за надминување на воочените слабости во функционирањето на Филозофскиот факултет:

> **Преземање систематски активности,** во координација со релевантните универзитетски и државни институции**, за надминување на недостигот од наставен, соработнички и административен кадар и обезбедување нови вработувања**. Овој недостиг, од една страна, го отежнува функционирањето на Факултетот во сите сегменти на неговата дејност, а од друга, го оневозможува континуираното изградување на научно-наставниот подмладок и постепеното заменување на пензионираните наставници со кадри со високо развиени наставно-научни компетенции. На тој начин, оваа ситуација сериозно го загрозува сегашното функционирање, како и идниот развој на институцијата.

> **Водење сметка за нерамномерната оптовареност на наставниците** изразена преку соодносот на бројот на наставници и активни студенти меѓу институтите и, паралелно со напорите за обезбедување кадровски засилувања, изнаоѓање **интерни механизми за финансиска компензација на зголемениот обем на работа кај вонредно оптоварените наставници.**

> **Залагање за намалување на оптовареноста со настава**, **изразена преку големиот фонд неделни часови**, со цел да се овозможи поинтензивно занимавање на наставно-научниот кадар со научноистражувачка дејност на домашно и на меѓународно ниво.

> Обезбедување на **финансиски надоместок за ангажманот на демонстраторите** или други форми на финансиска помош при нивното студирање.

> При новите акредитации на студиските програми, **водење сметка за реалните кадровски капацитети што стојат на располагање за реализирање на понудата на предмети и на студиски програми**, со цел да се избегне акумулирањето на голем број предмети по наставник и да се води сметка за законските ограничувања на максималниот број предмети во семестар што може да ги држи еден наставник.

> **Дополнително истражување на причините за намалување на бројот на новозапишани студенти во последните години**. Доколку за тој тренд, освен објективните околности (неповолните демографски трендови, зголемената конкуренција во високообразовниот простор, итн.) се утврдат причини што **зависат од аспектите на дејноста на самиот Факултет, потребно е преземање мерки за надминување на воочените слабости**, како и понатамошни продолжување на **промотивните активности** на Факултетот во постојните и во нови форми.

> Водење сметка за **рамнотежата меѓу настојувањето да се креираат стручни профили** што ќе ги задоволуваат постојните и динамични **барања на пазарот на трудот**, и **стимулирањето на развојот на профилите од хуманистичките**

**дисциплини** кои, иако не се директно пазарно конјунктурни, се од клучно значење за обликувањето на трајните духовни и културно-историски вредности и нивно пренесување низ генерациите во сложените услови на современиот свет.

- **Активирање на програми за континуирано образование и доживотно учење** – обуки за практичари, специјалистички курсеви, семинари, советувања, итн.

- Продоложување на **развивањето образовни технологии за помош на учењето на лицата со попреченост** и натамошно **приспособување на просторните услови** за користење од нивна страна

- **Продолжување и засилување на поддршката на Факултетот на научноистражувачката дејност и меѓународната соработка** во која се вклучени наставниците и студентите, и настојување да се обезбеди што поголема финансиска поддршка за овие активности од Универзитетот, МОН и други релевантни институции и фактори, особено преку **зголемени издвојувања од буџетските средства за научна и високообразовна дејност.**

- **Зголемување на видливоста и влијателноста** на научноистражувачкиот кадар преку објавување трудови во престижни публикации.

- Продолжување и интензивирање на соработката со партнерските и со други странски универзитети и **развивање програми на англиски јазик што би привлекле квалитетни студенти од странство.**

- Изградба на **функционална мрежа од алумни** и инкорпорирање на нивниот потенцијал и научноистражувачки резултати, мрежи од контакти, итн. **за поттикнување на домашната научна дејност и за нејзина меѓународна афирмација**.

- **Обезбедување претплата на Факултетот на бази на научноистражувачки податоци и ресурси** кои се најрелевантни за дејноста на неговите наставници и набавка на лиценцирани софтвери потребни за наставно-образовната и научната работа.

- **Продолжување на развојот на инфранструктурата, логистиката и опремата за настава од далечина**, преку: зголемување бројот и квалитетот на техничката опрема со која располага Факултетот и **обезбедување на секој наставник со технички средства** (лаптоп компјутери или таблети со потребните перформанси) за најзино успешно и квалитетно реализирање; обезбедување стабилен и брз интернет; проширување на тимот за техничка поддршка; обезбедување континуитет на користењето на платформите и алатките за онлајн настава и соодветни обуки за нив; помош на студентите што немаат материјални можности да набават техничка опрема за учење на далечина, итн.

- **Обезбедување подобри услови за реализирање на наставата со физичко присуство**, преку подобрување на постојните просторни услови и фиксната опрема во училниците, како и со искористување на нејзиниот целокупен

наставно-образовен потенцијал и на можностите што се ускратени со одвивањето на наставата од далечина.

- **Продолжување со дигитализација на библиотечниот фонд** и **збогатувањето на** ризниците на научни трудови.

- **Подобрување на функционалностите на системот Iknow** во функција на оптимизирањето на административните процеси на факултетот, **вклучително и собирањето и организирањето на податоците потребни за самоевалуацијата.**

- Покренување **дискусија за унапредување на моделот на студенското анкетирање** и за **статусот и импликациите на резултатите од студентската перцепција** на квалитетот на наставата.

- Спроведување внимателна **анализа на оценките и коментарите на студентите** регистирани при анкетата за самоевалуација, преземање **мерки за надминување на слабостите** во наставата што ќе се идентификуваат како **објективно постојни** врз основа на нивните укажувања, и **следење на трендот на развој на посочените аспекти** во следните циклуси на самоевалуација.

- **Заедничко дефинирање приоритети и начини на користење на приходите од сопствените средства со кои Факултетот може да располага** и обезбедување соодветна финансиска валоризација на придонесот на наставниците од сите сегменти од дејноста на Факултетот.

# VI. ПРИЛОЗИ

**Прилог 1. Структура на Факултетот (органограм)**



**Прилог 2: Студиските програми во периодот од 2016/17 до 2020/21**

**Институт за филозофија**

| Циклус на студии | Назив на студиската програма | Година на започнување | Година на престанок |
|---|---|---|---|
| ПРВ | Филозофија | 2013/14 | 2017/18 |
| | Филозофија | 2018/19 | 2022/23 |
| ВТОР | Филозофија | 2013/14 | 2017/18 |
| | Филозофија | 2019/20 | 2023/24 |
| ТРЕТ | Докторски студии од подрачјето на хуманистичките науки од полето филозофија | 2014/15 | 2016/17 |
| | Докторски студии од подрачјето на хуманистичките науки од полето филозофија | 2019/20 | 2023/24 |

**Институт за педагогија**

| Циклус на студии | Назив на студиската програма | Година на започнување | Година на престанок |
|---|---|---|---|
| ПРВ | Педагогија | 2013/14 | 2017/18 |
| | Педагогија | 2018/19 | 2022/23 |
| | Андрагогија | 2017/18 | 2021/22 |
| ВТОР | Педагогошки науки | 2013/14 | 2018/19 |
| | Педагошки науки | 2019/20 | 2023/24 |
| | Менаџмент во образованието | 2013/14 | 2018/19 |
| | Менаџмент во образованието | 2019/20 | 2023/24 |
| ТРЕТ | Педагогија | 2015/16 | 2017/18 |
| | Педагогија | 2019/20 | 2023/24 |

**Институт за историја**

| Циклус на студии | Назив на студиската програма | Година на започнување | Година на престанок |
|---|---|---|---|
| ПРВ | Историја | 2013/14 | 2017/18 |
| | Историја | 2018/19 | 2022/23 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Историја со архивистика | 2013/14 | 2017/18 |
| | Историја со архивистика | 2018/19 | 2022/23 |
| ВТОР | Историја и архивистика | 2013/14; 2019/20 | 2017/2018; 2023/24 |
| | Историја | 2013/14 | 2017/18 |
| ТРЕТ | Докторски студии од подрачјето на хуманистичките науки од полето историски науки | 2018/19 | 2022/23 |

**Институт за историја на уметноста и археологија**

| Циклус на студии | Назив на студиската програма | Година на започнување | Година на престанок |
|---|---|---|---|
| ПРВ | Историја на уметност | 2013/14 | 2017/18 |
| | Историја на уметност | 2018/19 | 2022/23 |
| | Археологија | 2013/14 | 2017/18 |
| | Археологија | 2018/19 | 2022/23 |
| ВТОР | Историја на уметност | 2013/14 | 2017/18 |
| | Историја на уметност | 2019/20 | 2023/24 |
| | Археологија | 2013/14 | 2017/18 |
| | Археологија | 2019/20 | 2023/24 |
| ТРЕТ | Историја на уметност и археологија | 2013/14 | 2017/18 |
| | Историја на уметност и археологија | 2018/19 | 2022/23 |

**Институт за класични студии**

| Циклус на студии | Назив на студиската програма | Година на започнување | Година на престанок |
|---|---|---|---|
| ПРВ | Класична филологија со антички студии / византологија | 2013/14 | 2017/18 |
| | Старогрчки јазик и античка книжевност со македонски јазик или со француски јазични студии или со француски книжевно-културолошки студии | 2013/14 | 2017/18 |
| | Латински јазик и античка книжевност со македонски јазик или со француски јазични студии или со француски книжевно-културолошки студии | 2013/14 | 2017/18 |
| | Класична филологија со антички студии / византологија | 2018/19 | 2022/23 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Старогрчки јазик и античка книжевност со македонски јазик или со француски јазични студии или со француски книжевно-културолошки студии | 2018/19 | 2022/23 |
| | Латински јазик и античка книжевност со македонски јазик или со француски јазични студии или со француски книжевно-културолошки студии | 2018/19 | 2022/23 |
| ВТОР | Класична филологија со византологија | 2019/20 | 2023/24 |
| | Античка книжевност и византологија | 2019/20 | 2023/24 |
| | Класични јазици и микенологија | 2019/20 | 2023/24 |
| ТРЕТ | Класична филологија/Класична и византиска книжевност | 2014/15 | 2016/17 |
| | Класична филологија/Класична и микенска филологија | 2014/15 | 2016/17 |

**Институт за психологија**

| Циклус на студии | Назив на студиската програма | Година на започнување | Година на престанок |
|---|---|---|---|
| ПРВ | Психологија | 2013/14 | 2017/18 |
| | Психологија | 2018/19 | 2022/23 |
| ВТОР | Психологија | 2013/14 | 2017/18 |
| | Психологија | 2019/20 | 2023/24 |
| ТРЕТ | Психологија | 2014/15 | 2016/17 |
| | Психологија | 2017/18 | 2019/20 |
| | Психологија | 2020/21 | 2022/23 |

**Институт за социологија**

| Циклус на студии | Назив на студиската програма | Година на започнување | Година на престанок |
|---|---|---|---|
| ПРВ | Социологија | 2013/14 | 2017/18 |
| | Социологија | 2018/19 | 2022/23 |
| ВТОР | Социологија | 2013/14 | 2017/18 |
| | Социологија | 2019/20 | 2023/24 |
| | Европски студии за интеграција | 2013/14 | 2018/19 |
| | Европски студии за интеграција | 2019/20 | 2023/24 |
| ТРЕТ | Социологија | 2014/15 | 2016/17 |
| | Социологија | 2018/19 | 2020/21 |

**Институт за безбедност, одбрана и мир**

| Циклус на студии | Назив на студиската програма | Година на започнување | Година на престанок |
|---|---|---|---|
| ПРВ | Безбедност, одбрана и мир | 2018/19 | 2022/23 |
| | Приватна и корпоративна безбедност | 2017/18 | 2021/22 |
